ОРЦЕ НИКОЛОВ

Ј.У.О. ДЕТСКА ГРАДИНКА

| | |
|---|---|
| Датум: | 30.06.2020 |
| Тема: | **Убави, високи планини** |
| Стандард: | -Детето стекнува информации за средината преку набљудување и манипулација;<br>- Детето се гордее со своите постигнувања и верува во своите спосбности;<br>- Детето демонстрира знаења за количина бројки и броење; |
| Цел на активноста: | - Да се развива способност да се качува и симнува;<br>- Да се поттикнува интересот и љубовта кон природата;<br>- Воочување на релации во однос на себе (пред-зад,горе-долу,под,блиску далеку,во-на,високо-ниско); |
| Опис на активноста: | <br>Родителот нека започне разговор со детето за убавините на планината, но не само во зима кога одиме да се санкаме туку и за убавините и во другите годишни времиња (Пролет, Лето, Есен). Набројте некои од нашите планини и појдете на прошетка на Водно.<br><br>- Додека пешачите разговарајте за благодетите на планината, дишете чист воздух.<br>- Натпреварувајте се со детето, Кој прв до врв. Преку оваа игра на интересен начин повторете математика - релации(пред -з ад, горе - долу, блиску - далеку, високо - ниско) може и да броите чекори.<br>- Возете се со жичара.<br>- Во ова годишно време на планината се е раззеленето, расцветано, има лековити билки од кои правиме чајче. Соберете некои од нив, кажете му на детето како е нивното име и поттикнете го да го опише нивниот изглед.<br>- Откако ќе се вратите од убавата прошетка дадете му на детето лист од блок фломастери и нека нацрта како ја доживеало прошетката на планината Водно. |

| | |
|---|---|
| | - Додека детето црта пуштете ја песничката, „Со жичница на Водно “направете ладен чај да се освежите заедно со вашето дете, уживајте. |
| Потребни материјали | Лист од блок, фломастери, песничка „Со жичница на Водно “, чајче |
| Прикачување на слика, линк, или видео | https://www.youtube.com/watch?v=5cwJNkHkysw   |








